ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14-73/6**

**Дата: 12.03.2015**

**ДО**

**НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа Национална галерија на Македонија - Скопје (во натамошниот текст Галерија) на сметката на основен буџет (631), за 2013 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2013 година, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази неповолно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај НУ Национална галерија на Македонија - Скопје, остварени се приходи од закупнини од издаден деловен простор врз основа на договор чиј рок е изминат.

Вршени се исплати за ангажирања на лица по основ на договор на дело за вршење на административно технички и сметководствени работи.

Во финансискиот извештај Биланс на состојба, не се евидентирани побарувања по основ на закупнина.

Со цел подобрување на состојбата во Галеријата, ревизијата даде препораки до надлежните органи и служби.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-73/2 од 21.01.2015 година.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________
2. ________________
3. ________________

______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 8 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на НУ Национална галерија на Македонија - Скопје на сметката на основен буџет (631) за 2013 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ Национална галерија на Македонија - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Халиде Палоши, директор во период од 24.11.2011 до 13.03.2014 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ Национална галерија на Македонија - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени

проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.11.2014 до 18.12.2014 година кај НУ Национална галерија на Македонија – Скопје од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 19.12.2014 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-73/1 од 21.01.2015 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2013 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со Одлука на Управниот одбор за висината на надоместокот за користење простор од 27.09.2002 година, се утврдува надоместок во износ од 150 до 500 евра дневно за изнајмување галериски простор за одржување изложби, концерти, коктели, презентации и работилници во објектите Даут Пашин Амам и Чифте Амам. Со корисниците на галериските простори не се склучувани договори, а со Одлуката не се предвидени надоместоци за користење на просторот во Мала станица од кој што Галеријата остварува приходи, што е спротивно на член 36 став 1 точка 6 од Законот за култура и Законот за облигациони односи.

Одлуката со која се утврдени надоместоци за користење простор во распон од - до, без конкретни критериуми, создава можност за субјективно утврдување на закупнината за користење на просторот.

**Препорака:**
Управниот одбор да донесе одлука со која ќе утврди критериуми и поединечни цени за издавање на простор во секој објект поединечно, а одговорното лице на Галеријата да склучува договори со корисниците на галеријските простории.

## 3.2. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

3.2.1. Во 2013 година остварени се приходи од закупнини во износ од 205 илјади денари, врз основа на договор и анекс на договор кој е со важност до 31.08.2010 година. Закупецот се уште го користи просторот, а Галеријата средствата ги користи за сопствени потреби, што не е во согласност со член 7, член 48 и член 49 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, со кои е предвидено дека остварениот приход по основ на закупнина од издаден деловен простор на единка корисник се уплатува на посебна сметка во Буџетот на РМ и дека простор под закуп се издава со постапка со јавно наддавање што ја спроведува Министерството за култура. Ваквиот начин на постапување со имотот кој се дава во закуп има за ефект остварување на приходи кај НУ Национална галерија на Македонија - Скопје, за сметка на помалку остварени приходи во Буџетот на РМ и создава можност за субјективен пристап при изборот на субјекти на кои ќе се даде имот во закуп.

**Препорака**

Одговорното лице во соработка со Министерството за култура да преземе мерки и активност за постапување согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи за разрешување на состојбите во конкретниот случај .

3.2.2. Во текот на 2013 година направени се расходи во вкупен износ од 358 илјади денари за надоместоци, персонален данок и надоместок за услугата за администрирање на две агенции (Агенција за интелектуална сопственост и Агенција за деловно посредување и застапување на авторски права) преку кои се исплаќаат надоместоците. Исплатите се по основ на договори на дело за услуги склучени во 2012 година и 2013 година со две физички лица и тоа за: вршење административно - технички работи кои не се предвидени со Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места и за вршење сметководствени услуги кои се предвидени со Правилникот. Начинот на ангажирање на овие лица не е во согласност со член 22 став 3 од Законот за работни односи каде е утврдено дека потребата од работници се обезбедува со објавување на јавен оглас, член 13 од Законот за Агенциите за привремени вработувања и член 51 од Законот за буџетите кој се однесува на обезбедување на потребните средства и согласности, односно дека пред отстапувањето на работник на работодавач корисник, агенцијата за привремени вработувања склучува договор за вработување со работникот кој се отстапува на работодавачот корисник.

Непочитувањето на наведените закони при ангажирање на лица кои вршат континуирани работи, создава можност за субјективно постапување при изборот на лица кои се ангажираат, а од друга страна за ангажираните лица значи неостварување на правото на пензиско и здравствено осигурување од работен однос.

**Препорака**

Надлежните служби за ангажирање на лица за кои Галеријата има континуирана потреба да ги преземат сите законски активности и да ги обезбедат потребните согласности од надлежните органи.

**Биланс на состојба**

3.2.3. Ревизијата утврди дека на ставката Побарувања во деловните книги и Билансот на состојба со состојба на ден 31.12.2013 година, не се евидентирани побарувања по основ на закупнини од користење на изложбен простор на Галеријата, во износ од 72 илјади денари. Констатираната состојба не е во согласност со член 6 и член 19 став 5 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Ненавременото евидентирање на побарувањата и нецелосно извршениот попис, не овозможува увид во фактичката состојба на побарувањата и преземање на мерки за нивна редовна наплата, што има за ефект нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи, застарување на побарувањата и нецелосна наплата на приходите.

**Препорака**

Одговорното лице за сметководство да обезбеди целосна, точна, објективна и навремена евиденција на побарувањата по основ на закупнини од закупците.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката од 3.2.3. е неевидентирани побарувања по основ на закупнини за деловен простор .

**3. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ Национална галерија на Македонија - сметка на основен буџет (631) на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Национална галерија на Македонија - Скопје - сметка на основен буџет (631), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 09.03.2015 година


1.________________
2.________________
3.________________ ____________________

**НУ Национална галерија на Македонија - Скопје**

**Сметка на основен буџет (631-10)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 617 | 773 |
| Трансфери и донации | 3.1.2 | 0 | 22 |
| **Вкупно приходи** | | **617** | **795** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 31 | 136 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2 | 583 | 547 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **614** | **683** |
| **Вкупно расходи** | | **614** | **683** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3. | **3** | **112** |

НУ Национална галерија на Македонија - Скопје

Сметка на основен буџет (631-10)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 10 | | 112 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10** | | **112** |
| **Вкупна актива** | | **10** | | **112** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 10 | | 112 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10** | | **112** |
| **Вкупна пасива** | | **10** | | **112** |